Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр 5/02) и член 22 алинеја 2 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман” бр.7/06), Градоначалникот на општина Росоман на ден 20.07.2023 година, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за пријавување на штети на ненаводнети земјоделски површини од хаваријата на сифонот Макарија на левиот магистрален канал**

Општина Росоман ги повикува граѓаните кои имаат материјални штети на земјоделски насади од ненаводнување предизвикано од хаваријата на сифонот Макарија на левиот магистрален канал, која е настаната на 27.05.2023 година, да ја пријават штетата на своите насади во просториите на општина Росоман на обрасци кои ќе им бидат доставени од страна на општинската администрација и тоа

1. Барањето за пријавување на штета на земјоделските насади
2. Покрај барањето секој барател треба да достави:
   - лична карта со Изјава за користење на личните податоци потпишана од барателот;
   - трансакциска сметка;
   - доказ за основ на користење на земјиштето за насадите (Решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од МЗШВ; Имотен лист; Договор за закуп заверен на нотар )
3. Пријавувањето на штетите може да се изврши во периодот од 21.07.2023 година до 26.07.2023 година, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

За сите дополнителни информации може да се обратите на тел. 075 842 516.

Во Росоман на ден
20.07.2023 година

Арх. Бр. 09 - 501/2

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**